

сестра Макрина

# Томос –
## помеѓу историјата и реалноста

**Положбата на РМ во регионот, нејзините соседи, нејзината позиционираност, односите со другите земји, и сето она што е нејзина лична карта во моментов, е нешто што е автентично и оригинално и што не може да се спореди со ниедна друга земја во светот. Сепак, читајќи го томосот што Неговата Светост вселенскиот патријарх Вартоломеј ѝ го има дадено на Естонската Православна Црква во 1996 година, не можевме а да не направиме аналогија помеѓу позициите на двете земји во однос на федерациите коишто се распаѓаат во последната деценија на 20 век (СФРЈ и СССР), и аналогно на тоа, односот помеѓу помесните (автономни) Цркви во однос на т.н. мајки-Цркви: Естонија - Русија, Македонија - Србија (или Грција).**

### Естонија

68 проценти од населението во Естонија се Естонци, 26 % Руси, 2% Украинци, 1,2 % Белоруси, 0,8 Финци. Главен град е Талин, а службен јазик - естонски, близок до финскиот и унгарскиот.

Процентуалната застапеност на населението во однос на нивната религиозна припадност изгледа вака:

· 15% естонски лутерани

· 14% православни

· 0,5% баптисти

· 0,5% католици

Естонија го примила христијанството во 13 век, кога била освоена од страна на Данците и Германците. Во подоцнежните векови Естонија била контролирана од страна на Данска, Шведска, Полска, и конечно, во 18 век потпаѓа под руско влијание.

По падот на Руското Царство (Октомвриска Револуција) на почетокот на 20 век, Естонија прогласува независност на 24 февруари 1918 година. Естонија ја одржувала оваа независност 22 години, и по пауза од околу половина век, ја воспоставува повторно во 1992 година, по распаѓањето на Советскиот Сојуз.

### Македонија

Според пописот од 2002 година, од вкупното попишано население во Република Македонија, од 2.022.547 жители, Македонци се 1.297.981 или 64,18 проценти, а Албанци има 509.083 или 25,17 проценти. Турци има 77.959 или 3,85 проценти, Роми 53.879 или 2,66, Власи 9.695 или 0,48 проценти, Срби се 35.939 или 1,78 проценти, Бошњаци има 17.018 или 0,84 проценти, додека 20.993 лица од вкупното население се изјасниле дека се припадници на другите заедници.

Главен град на Републиката е Скопје, а службен јазик е македонскиот, од групата јужнословенски јазици.

Во 13 век Македонија станува дел од Турската Империја. Во 1762 година е укината Охридската Архиепископија. На почетокот од 20 век, иако прави обиди да се стекне со независност, таа останува под туѓо влијание: во периодот на Балканските војни таа е поделена помеѓу соседните земји, а по Втората светска војна еден дел од земјата (Вардарска Македонија) стекнува политичка автономија во рамките на федерацијата помеѓу Србите, Хрватите, Словенците, Црногорците и Албанците. Конечно, по распаѓањето на СФРЈ, Македонија со референдум прогласува независност (од Србија) на 8 септември 1991 година. Црквата повторно ја воспоставува својата автокефалност во 1967 г., возобновувајќи го тронот на Охридската Архиепископија. Сè уште нема добиено томос од страна на Српската Православна Црква, којашто неколку децении пред тоа, во времето на политичкото владеење на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, ги откупи епархиите на македонската територија од Цариградската Патријаршија.

## ПАТРИЈАРШИСКИ И СИНОДАЛЕН АКТ ЗА РЕАКТИВИРАЊЕ НА ПАТРИЈАРШИСКИОТ И СИНОДАЛЕН ТОМОС ОД 1923 ЗА ПРАВОСЛАВНАТА МИТРОПОЛИЈА НА ЕСТОНИЈА

### + ВАРТОЛОМЕЈ, ПО МИЛОСТА БОЖЈА АРХИЕПИСКОП НА ЦАРИГРАД, НОВИОТ РИМ И ВСЕЛЕНСКИ ПАТРИЈАРХ

„Вообичаено е да се сменат границите на Црквите при промената на политичките ентитети и администрации", изјави Фотиј Велики, мудриот патријарх.

Бидејќи православните христијани што живеат во Естонија и сочинуваат респектабилен сегмент од естонската нација побараа духовна заштита и средување на нивните црковни работи од страна на Пресветата Цариградска Црква - историската Мајка-Црква на сите православни во Источна и Централна Европа, Таа, како грижлива Мајка, прифаќајќи го слободното и еднодушно барање на своите чеда, ја призна и благослови автономијата на Православната Црква во Естонија под духовен надзор на Вселенската патријаршија со Патријаршиски и синодален томос издаден од нашиот блаженоупокоен претходник, Вселенскиот патријарх Мелетиј IV, во јули 1923 година.

Но, дваесет години подоцна се случи бруталното разорување на слободата и самостојноста на Естонската држава, кога црковната автономија на православните христијани во Естонија беше исто така насилно уништена. По пребегувањето во Шведска на нивниот законски митрополит Александар заедно со многу клирици и илјадници мирјани во март 1944 година, автономната Црква на Естонија ѝ беше потчинета на Црквата на Русија, по договорената политичка промена од тоа време, но не и според канонскиот поредок.

Пресветиот Апостолски Патријаршиски и Вселенски Престол, како чувар на канонската точност, одбивајќи да ги прифати настаните причинети од неканонска сила и тиранија, долго време продолжи да ја смета автономијата на Естонската Православна Црква за правосилна и канонски претставувана од оние православни Естонци што пребегаа за да живеат во егзил надвор од тогашниот Советски Сојуз. Во овој дух, Цариградската Мајка-Црква во 1978 година, поттикната од црковна икономија, одговарајќи со братска љубов на барањето на Црквата на Русија, заради тогашните околности, со Патријаршиски и синодален акт го прогласи Томосот од 1923 година за надвор од употреба. Ова значи дека Томосот не можеше да биде во сила на територијата на Естонија, која тогаш претставуваше дел од Советскиот Сојуз; меѓутоа, Томосот не се сметаше за неважечки, невалиден или анулиран.

Но, веќе во 1991 година, Естонија, станувајќи слободна и самостојна држава, бара, во согласност со практиката за сите православни народи, да се возобнови поранешниот автономен статус на Православната Црква во Естонија преку реактивирање на Патријаршискиот и синодален томос од 1923 година, повикувајќи ја да се врати во татковината, каде што беше укината, Автономната Естонска Апостолска Православна Црква во егзил - како што беше официјално именувана од 1935 година наваму.

Согласно на ова, Пресветата Цариградска Мајка-Црква - ополномоштена со силата на Божествените и свети канони под број 9 и 17 од светиот IV Вселенски собор во Халкидон, во кои се вели: „Ако некој епископ или свештеник е во спор со Митрополитот од истата област, нека се обрати или до Егзархот на епархијата, или до престолот на царската престолнина Цариград, и нека пред нив се суди за ова дело" (Канон 9) и „Ако кон некого неговиот Митрополит се однесувал неправедно, тогаш тој нека му се пожали на Егзархот на епархијата, или, пак, нека се разгледа неговиот случај пред Цариградскиот престол, според негов избор" (Канон 17); и уште, 34 Канон на светите апостоли, кој налага Црквите на различни народи, а особено на оние во слободни и самостојни држави, да се формираат како автономни или автокефални Цркви под нивен посебен Архиепископ или епископи - го прифати легитимното барање на православните христијани во Естонија и на почитуваната влада на Естонија, кои побараа целосно возобновување во Естонија на Естонската Апостолска Православна Црква каква што беше пред 1940 година, како автономна Црква под јурисдикција на Вселенската патријаршија.




Затоа, нашата Скромност, заедно со Високопреосветените Митрополити, наши возљубени браќа во Светиот Дух и сослужители во Христос - по соборно советување, верно грижејќи се за управувањето и водењето на сите црковни работи и имајќи го предвид она што е правилно, како што е канонскиот обичај од памтивек Пресветиот Вселенски Престол да има право да го прилагодува и да го обезбедува конституирањето и основањето на Црквите, соодветно одговарајќи на потребите на времето и на благобитието на севкупниот собор, секогаш стремејќи се кон хармонијата и поволното изобразување и управување на локалното и универзалното - одново изјавува дека Патријаршискиот и синодален томос од 1923 година што се однесува на Православната митрополија на Естонија е реактивиран по сите негови членови. Исто така, ние ги признаваме за законски наследници на Естонската Апостолска Православна Црква оние што го прифатија Томосот и непрестајно ја чуваа нејзината канонска континуираност.

Истовремено, ние изјавуваме дека, имајќи ја предвид грижата на Неговото Блаженство нашиот брат Патријархот московски и руски Алексиј во однос на емигрантските православни верници во Естонија со руско потекло кои таму се населија за време на периодот кога Естонија претставуваше дел од тогашниот Советски Сојуз, ние ја изразуваме нашата непоколеблива желба за обезбедување на нивниот непречен црковен живот, како интегрален дел на Естонската Автономна Црква, организирани под нивен сопствен руско-говорен епископ, со надеж нивната канонска и законска состојба да се среди во дух на љубов и мир, и во дух на братско единство на сите православни народи.

Затоа, го издаваме овој Патријаршиски и синодален акт како декларација и потврда и како траен приказ на работите што беа разгледани и по кои се донесе одлука црковно, во врска со реактивирањето на Патријаршискиот и синодален томос од 1923 година, составен и потпишан во овој Свет Кодекс на нашата Пресвета Велика Црква Христова, и ист и верен препис издаден и пратен на назначениот Местоблуститeл на Православната Автономна Апостолска Црква на Естонија, Неговото Високопреосвештенство Архиепископот Јован Карелиски и Фински, наш возљубен брат во Господ, да се стави во архивата на Автономната Црква на Естонија.

Во годината на нашето Спасение, 1996, 20 февруари, Epinemesis IV

+ Вартоломеј Цариградски и сведоци за ова:

Јоаким Халкидонски, Јероним Родополски, Симеон Пpингипонезонски, Евангелос Пергски, Калиникос Листриски, Константинос Дерконски, Атанасиос Илиополиски и Теирски, Германос Трануполиски, Мелитон Филаделфиски.

# НА БЕНЗИНСКИТЕ СТАНИЦИ НА "МАКПЕТРОЛ"




## ДИЗЕЛ ГОРИВО СПОРЕД ВАЖЕЧКИТЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ

# ЕВРОДИЗЕЛ

**во согласност со EURO IV нормите***

***Евродизел горивото секојдневно лабораториски се контролира со цел да се запазат европските стандарди за квалитет.**

60 години
1947-2007

МАКПЕТРОЛ
ЖИВОТОТ Е ЕНЕРГИЈА